**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12.09.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4066 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 септември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 септември 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

   – **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 13.07.2018 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-381 од 13.07.2018 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (16.07.2018 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, емитуван на 3 септември 2018 година, на регионално ниво (Д6), е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка**, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***